Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ “СМОЛАРСКИ ВОДОПАД“ ЗА СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА**

Се прогласува Законот за прогласување на локалитетот “Смоларски Водопад“ за споменик на природата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 март 2006 година.

Бр. 07-1192/1
16 март 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ "СМОЛАРСКИ ВОДОПАД" ЗА СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА**

Член 1

Просторот на локалитетот "Смоларски Водопад" се прогласува за споменик на природата, заради заштита на геоморфолошките и флорно-вегетациските вредности, коишто се од исклучително значење за заштита на природата.

Член 2

Назив на споменикот на природата е Смоларски Водопад.

Член 3

Категорија на Смоларски Водопад е споменик на природата.

Член 4

Границите на споменикот на природата - Смоларски Водопад се:

Исток: источната граница започнува од кота 1822 м на македонско-грчката граница, западно од врвот Самар (1869 м). Оттука границата се протега на север при што води по гребенот Василова Черга, потоа минува низ месноста Преслап (982 м) и завршува на зарамнетата површина кај месноста Гвозденов Кладенец каде што завршува источната граница.

Југ: јужната граница започнува од возвишението Семер Кајасен (1876 м) и се протега на исток по македонско-грчката граница, при што, води низ месноста Сечена Скала и завршува на котата 1822 м, западно од врвот Самар.

Запад: западната граница започнува на северната страна од месноста Пиперка, на изохипса 600 м, што го сече патот што води спрема билото на Беласица. Оттука границата води во јужен правец, минува низ месноста Пиперка, потоа продолжува да се искачува по гребенот којшто претставува вододелница меѓу сливот на Смоларска Река и потокот Лутур и избива на кривината на патот која што се наоѓа западно од месноста Томин Камен. Од ова место границата го менува правецот и води на југозапад и натаму искачувајќи се по гребенот и избива кај месноста Шарена Чешма. Одовде границата продолжува да води на југ спрема билото на Беласица, минува низ котата 1684 м и избива на возвишението Семер Кајасен на македонско-грчката граница.

Север: северната граница започнува кај месноста Гвозденов Кладенец од каде што води на север спрема последните куќи на с. Смолари, при што ја сече Смоларска Река и потоа остро свртува на југозапад, го сече шумскиот пат и се искачува по билото, потоа повторно го сече шумскиот пат и избива на изохипсата 600 м северно од месноста Пиперка, каде што завршува северната граница.

Член 5

Заради остварување на заштита на споменикот на природата - Смоларски Водопад, субјектот кој управува, донесува план за управување и годишни програми во кои се утврдени посебните мерки и активности за заштита на природата, по рретходно прибавена согласност од надлежниот орган за вршење на работите од областа на заштитата на природата.

Непосредната заштита на споменикот на природата - Смоларски Водопад ја спроведува чуварска служба, која ја основа субјектот кој управува со овој споменик на природата.

Чуварската служба особено ги врши работите на набљудување и следење на состојбите со сите вредности на споменикот на природата, врши надзор врз спроведувањето на дозволените активности во споменикот на природата, како и други работи кои ќе му ги довери, односно овласти субјектот кој управува со споменикот на природата.

Член 6

Со споменикот на природата - Смоларски Водопад управува градоначалникот на општина Ново Село (во натамошниот текст: градоначалникот).

Член 7

Градоначалникот е должен да го чува, да се грижи и да го одржува споменикот на природата - Смоларски Водопад и навремено да ги презема пропишаните техничко-заштитни и други мерки со кои се обезбедува, особено:

- заштита на природните живеалишта од национално и меѓународно значење за културни, научни, воспитно-образовни и туристичко-рекреативни цели;

- воспоставување стабилност на еколошките процеси и биолошката и пределската разновидност преку трајно зачувување на репрезентативните природно-географски карактеристики и видови во автентична состојба;

- создавање услови за развој на туризмот во согласност со принципот на одржлив развој;

- остварување на културни, научни, образовни и рекреативни цели, кои во исто време ја одржуваат природната состојба на споменикот на природата;

- одржливо користење на природното богатство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;

- создавање услови и преземање мерки за заштита на споменикот на природата со цел зачувување и одржливо управување со одредени компоненти на пределската разновидност;

- проучување, истражување и со научни методи обработување на прашањата од интерес за заштитата на споменикот на природата;

- водење евиденција и документација за природните и другите вредности и убавини во споменикот на природата (положба, степен на загрозеност, мерки за заштита);

- преземање мерки за заштита на утврдените зони во споменикот на природата;

- обезбедување поттик и поддршка на заштитата на споменикот на природата преку подигање на јавната свест, а посебно во воспитно образовниот процес;

- спречување на штетните активности од физички и правни лица и други нарушувања во споменикот на природата, како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување максимално поволни услови за заштита и развој на природата;

- поттикнување на научно-истражувачката работа на подрачјето на споменикот на природата;

-издавање научни и стручни публикации, водичи, дијапозитиви, разгледници и друг информативен и пропаганден материјал за споменикот на природата;

- поттикнување и развивање на интерес и однос кон чувањето на споменикот на природата преку организирање изложби, прикажување на филмови, предавања и други форми;

- вршење и други работи кои придонесуваат за заштита и унапредување на споменикот на природата;

- спречување на загадувањето на водите на Смоларска Река;

- спречување на промена на составот на водата (промена на PH, на количеството на неоргански и органски растворливи материи или тврди материи во водата);

- спречување на какви било регулациски градежни работи како што се зафаќање на водата, промена на насоката, обликот или длабочината на коритото, утврднување на бреговите со ѕидани или бетонски шкрапи, градење водени пречки и други штетни дејствија;

- спречување на вршење на земјени работи, како што се рамнење, вдлабнување на теренот и слично кои непосредно или посредно можат да му наштетат на споменикот на природата;

- спречување на изградба на разни видови на градби покрај брегот на реката (рибници, викендички, туристички објекти, производствени објекти, паркиралишта и друго);

- спречување на депонирање на кој било вид на отпад во споменикот на природата;

- забранување на бесправната сеча на дрвјата и грмушките и промена на крајбрежната вегетација;

- спречување на секоја работа која би го изменила растителниот состав на споменикот на природата (на пример, отстранување или менување на вегетацијата);

- забранување на интродукција на животински или растителни видови во водата, односно крајбрежјето;

- забранување на искористување на минерални суровини од подрачјето на споменикот на природата за какви било цели и намени и

- забранување на лов на животни и да се уништуваат или оштетуваат гнезда или места каде што животните се размножуваат или престојуваат на поширокиот простор на споменикот на природата.

Член 8

Во споменикот на природата - Смоларски Водопад се востановуваат следиве зони:

- Зона на строга заштита;
- Зона за активно управување;
- Зона за одржливо користење и
- Заштитен појас.

Член 9

Во зоната на строга заштита градоначалникот организира научно-истражувачки активности, доколку тие не се во спротивност со примарните цели на заштита на споменикот на природата.

Заради одржување на карактеристиките на зоната за строга заштита градоначалникот е должен да обезбеди постојан мониторинг.

Член 10

Во зоната за активно управување градоначалникот ги организира активностите кои се однесуваат на манипулирање со живеалиштата и манипулирање со видовите со цел да се ревитализираат или рехабилитираат живеалиштата, екосистемите и другите елементи од пределот.

Екотуризмот е единствената економска активност која градоначалникот ја врши во зоната за активно управување.

Член 11

Во зоната за одржливо користење градоначалникот ги организира сите активности од членот 7 на овој закон, како и активностите кои се утврдени во планот за управување, при што особено ќе води грижа со извршувањето на активностите да не се нарушат компонентите на биолошката разновидност и одржување на природната рамнотежа во споменикот на природата.

Член 12

Во заштитниот појас градоначалникот спроведува активности за непосредна заштита на зоната на строга заштита, зоната за активно управување и зоната за одржливо користење и при вршењето на стопанските активности задолжително ги применува мерките за заштита утврдени со закон.

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".